Врз основа на член 205 став 1 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/05), а во врска со член 4 став 3 од Законот за спроведување на Просторниот План на Република Македонија ("Службен Весник на Република Македонија" бр.39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, постапувајќи по барањето на донесувачот на планот - Општина Крива Паланка го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Крива Паланка се издаваат **Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на граничен премин "Деве Баир"во место викано Равна Нива, КО Узем, Општина Крива Паланка.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр.12713**, се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на граничен премин "Деве Баир" во Општина Крива Паланка, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилог кој претставува извод од планот.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Крива Паланка врз основа на член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот План на Република Македонија ("Сл. Весник на РМ" бр.39/04), до Министерството за животна средина и просторно планирање поднесе барање бр.15-5816/1 од 20.06.2013 година, за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на граничен премин "Деве Баир" во Општина Крива Паланка.

За изготвување и донесување на овие планови, Министерството за животна средина и просторно планирање во рамките на своите надлежности издава Решение за Услови за планирање на просторот. Согласно член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. Весник на РМ", бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на граничен премин "Деве Баир" во Општина Крива Паланка, како составен дел на Решението за Услови за планирање на просторот.

Условите за планирање на просторот се издаваат за потребите за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на граничен премин "Деве Баир", и истите треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот План на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Министерството за животна средина и просторно планирање постапувајќи по член 4 став 3 од Законот за спроведување на Просторниот План на Република Македонија ("Сл.Весник на РМ" бр.39/04), **го издава Решението за Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на граничен премин "Деве Баир"во место викано Равна Нива, КО Узем, Општина Крива Паланка.**

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 205, став 1 од Законот за општа управна постапка ("Сл.Весник на РМ" бр.38/05), Министерството за животна средина и просторно планирање одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПОУКА:** Против ова Решение странката има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Изготвил: м-р. Соња Фурнациска

Одобрил: Виолета Дракуловска

**МИНИСТЕР**
**Abdilaqim Ademi**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
СКОПЈЕ